Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

Извадок на дел од дневни настани 03.11.2020

На 02.11.2020 околу 23.45 часот, полициски службеници на СВР Тетово-Одделение за внатрешни работи Гостивар ги лишиле од слобода С.Ј.(42) и Б.И.(36) од Гостивар, поради сомнение за „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори. При претрес реализиран со судска наредба во домот на С.Ј. пронајдена е марихуана и еден куршум. Двајцата се задржани во Полициската станица Гостивар и ќе следуваат соодветни поднесоци.

На 02.11.2020 во 15.10 часот, на ул.„Илинденска" во Тетово, полициски службеници на СВР Тетово го лишиле од слобода 49-годишниот гостиварец Џ.Џ., затоа што при преглед му бил пронајден кокаин. Тој е задржан во Полициската станица Тетово.

На 02.11.2020 во 16.10 часот, на ул.„Гостиварска" во Тетово, полициски службеници на СВР Тетово го лишиле од слобода Б.Ќ.(28) од Тетово, поради сомнение дека истиот ден извршил тешка кражба во угостителски објект, која ја пријавил сопственикот на објектот С.М.(33). По лишувањето, одземените предмети му бил вратени на сопственикот.

На 02.11.2020 во 20.40 часот, со судска наредба, полициски службеници на СВР Тетово го привеле 63-годишниот тетовец Н.С., осуден на затворска казна. По кусо време Н.С. бил спроведен во Казнено-поправната установа Затвор „Тетово" во Тетово за издржување на казната.

На 02.11.2020 во 22.30 часот, полициски службеници од СВР Скопје на подрачјето на Ѓорче Петров го лишиле од слобода Љ.Д.(30) од Битола, затоа што при извршен преглед кај него била пронајдена марихуана. По документирање на случајот, против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 02.11.2020 во 21.10 часот, на подрачјето на Чаир, при извршен преглед од полициски службеници од СВР Скопје, бил пронајден нож кај С.З.(25) од Скопје. Тој бил приведен, поради сомнение за сторен прекршок од Законот за оружје. По документирање на случајот, против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 02.11.2020 во 23.00 часот било пријавено дека на ул.„10" во с.Чучер Сандево, С.Л.(29) од с.Мирковци, скопско, управувајќи патничко возило „бмв", со скопски регистарски ознаки, изгубил контрола и удрил во вид. Во незгодата 17-годишен сопатник од с.Мирковци се здобил со тешки телесни повреди, а возачот и уште еден сопатник А.З.(19) од с.Мирковци се здобиле со телесни повреди, констатирани во Комплекс клиники „Мајка Тереза". Извршен бил увид на местото на настанот од увидна екипа од СВР Скопје.

На 02.11.2020 во 11.00 часот во Полициската станица Аеродром, А.Т.(76) од Скопје пријавила дека во населбата Ново Лисиче била касната од куче скитник.

На 01.11.2020 во ОВР Македонски Брод бил приведен М.Б.(37) од с.Крушје – Македонски Брод, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено изработување, држење, посредување и тргување со оружје или распрскувачки материи", по член 396 од Кривичниот законик. Претходно, од страна на ловочувар на ловечкот друштво ЗЛСРР „Елен" од Кичево било пријавено дека на место викано „Челојца", во близина на с.Ново Село, бил затекнат М.Б., кој со себе носел ловен карабин и патрони за кои не поседувал дозвола. Притоа, М.Б. не поседувал ни дозвола за лов. Наведеното оружје е одземено и доставено до полициската станица. За настанот е известен Јавен обвинител, а по целосно документирање на случајот против М.Б. ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 02.10.2020 во 17.00 часот во Полициската станица Гази Баба, И.З.(65) од Скопје пријавил дека на ул.„Јани Лукровски" бил каснат од куче скитник.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Кочани поднесе кривична пријава против Ф.Џ.(37) од Кочани, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „непостапување според здравствените прописи за време на епидемија". На 17.10.2020 пријавениот, во дворното место на својот дом и надвор од него, организирал прослава по повод свршувачка, на која поканил и присуствувале поголем број лица.

На 02.11.2020 околу 16.00 часот на магистралниот пат Кичево-Гостивар, на превојот „Стража", од слобода бил лишен И.Б.(40) од тетовското село Желино. При контрола на товарно возило „мерцедес", со тетовски регистарски ознаки, управуван од приведениот, било констатирано дека тој превезувал поголема количина огревно дрво од количината наведена во испратницата.

На 02.11.2020 во 22.50 часот во СВР Скопје, Б.Н.Д.(25) од Скопје пријавил дека околу 22.10 часот пред угостителски објект на подрачје на Центар бил физички нападнат од едно лице. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 02.11.2020 во 09.20 часот во СВР Куманово, Д.Ј.(40) пријавила дека од домот се оддалечил нејзиниот брат З.Ј.(51) од с.Липково, кој имал здравствени проблеми. Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Свети Николе поднесе кривична пријава против И.С.(42) од Свети Николе, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори". На 12.08.2020 полициски службеници извршиле преглед над Е.Т.(29) од Свети Николе, при што пронашле и одзеле хероин, за кој подоцна било утврдено дека го купил од пријавениот.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Кичево поднесе кривична пријава против С.М.(48) и З.С.(28), двајцата од Кичево, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори". На 27.10.2020 на ул. „Партизански одреди" во Кичево, полициски службеници извршиле преглед на патничко возило „мерцедес", управувано од З.С., во кое сопатник бил С.Р., кај кого била пронајдена и одземена марихуана. Подоцна, бил извршен претрес во дом и други простории на З.С., при што била пронајдена и одземена марихуана. По пеземени мерки било утврдено дека З.С. марихуаната ја набавил од пријавениот С.М., додека С.Р. марихуаната ја купил од З.С..

На 02.11.2020 во 19.00 часот во СВР Скопје било пријавено дека од приватна установа за заштита на стари лица во с.Волково, скопско, се оддалечил нивниот штитеник В.В.(63), кој имал здравствени проблеми. Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Гостивар поднесе кривична пријава против А.С.(28) од с.Дебреше, гостиварско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори". На 25.01.2020 на ул. ,,101" во Гостивар, полициски службеници извршиле преглед над патничко возило „рено", управувано од пријавениот А.С., при што пронашле и одзеле марихуана.

На 03.11.2020 околу 00.15 часот во СВР Скопје, А.К. пријавил дека на ул.„Цветан Димов", од страна на М.Р., Е.Ф., Е.Ф. и Е.З., сите од Скопје, било пукано кон неговата куќа. Според пријавеното, од пукањето нема повредени лица, а оштетено било неговото патничко возило „рено", со скопски регистарски ознаки. Полициски службеници излегле на местото и извршиле увид, при што биле пронајдени и подигнати пет чаури. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

СВР Велес поднесе кривична пријава против Ј.Т.(38) од Велес, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „непостапување според здравствените прописи за време на епидемија". На 18.10.2020, при контрола од страна на полициски службеници од СВР Велес, пријавениот не бил пронајден во својот дом, со што постапил спротивно на Решение за задолжителна самоизолација од 03.10.2020, донесено од Државниот санитарен и здравствен инспекторат Велес.

На 02.11.2020 во 12.30 часот во СВР Скопје, А.Д.(44) од Скопје пријавила дека околу 09.30 часот, во објект на ул.„Даме Груев", била физички нападната од нејзина колешка Е.П.К.. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 02.11.2020 околу 05.30 часот во СВР Велес било пријавено дека во бензинска пумпа во Велес едно лице со закана со пиштол од вработениот Ѓ.Ц. (29) од Велес, одзел пари. Увид на местото на настанот извршила екипа од СВР Велес и се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет